**20110531463**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр.07-1989/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2004, 89/2008 и 115/10), во членот 12 ставот 1 се менува и гласи:

“Угостителска дејност може да се врши во деловни објекти, или во простории во деловно станбени и станбено деловни објекти, уредени и опремени за давање угостителски услуги, доколку се исполнети условите за вршење угостителска дејност утврдени со овој закон.“

Член 2

Во членот 21 став 1 зборовите: „да плати надоместок за давање услуги“ се заменуваат со зборовите: „да поднесе барање за издавање на лиценца на образец за платен надоместок до Министерството за економија за давање услуги:“.

Во алинејата 2 износите “4.000 до 8.000“ се заменуваат со износите “5.000 до 7.000“. Во алинеја 3 износот “7.500“ се заменува со износите “7.000 до 10.000“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

“Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 3

По членот 21 се додаваат два нови члена 21-а и 21-б, кои гласат:

“Член 21-а

Против решението на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, со кое е одбиено барањето за издавање на лиценцата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 21-б

Лиценцата за вршење на угостителската дејност во ноќен бар, кабаре, диско-клуб и диско-клуб на отворен простор се одзема со решение на министерот, во случаи кога носителот на лиценцата не ги исполнува условите утврдени согласно со овој закон.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 4

Во членот 22 став 1 по бројот “20“ се додаваат зборовите: “од овој закон“, а зборот “осум“ се заменува со бројот “15“.

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

Член 5

По членот 22 се додава нов член 22-а, кој гласи:

„Член 22-а

Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не донесе решение за издавање на лиценца, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца во рокот од членот 22 став 1 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, за донесување на решение по поднесеното барање.

Формата и содржината на барањето од членот 22 став 1 на овој закон и ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Кон барањето од ставот 1 на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од членот 22 став 1 на овој закон.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на министерот, да донесе решение со кое барањето од ставот 1 на овој член е уважено или одбиено. Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не донесе решение во рокот од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.



www.pravdiko.com

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член, да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите 6 и 7 на овој член и / или не поднесе пријава согласно со ставовите 8 и 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 13 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.



www.pravdiko.com

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 11 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот кој раководи со органот на Државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рокот од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 6

Во членот 23 став 1 точката 2 се менува и гласи:

“угостителските објекти за исхрана од членот 19 став 1 точка 1 на овој закон, кои претставуваат една градежна целина лоцирани на граничните премини, аеродроми и железнички станици можат да работат од 00,00 до 24,00 часот;“.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Советот на општината, односно Советот на градот Скопје, за одредени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, можат да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти од ставот 1 на овој член, но во времетраење најмногу до три дена.“

Член 7

Во членот 28 став 4 бројот “15“ се заменува со бројот “30“.

Ставот 5 се брише.

Во ставот 6 кој станува став 5 зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на угостителството“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 8

Во членот 29 став 2 зборот „содржи“ се заменува со зборовите: „се поднесува на образец кој содржи:“.

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува на два идентични обрасци со еден прилог на докази.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 9

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29 -а

Доколку комисиите не донесат решение за категоризација, односно не донесат решение за одбивање на барањето за категоризација во рокот од членот 28 став 4, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството и министерот за донесување на решение по поднесеното барање.



www.pravdiko.com

Формата и содржината на барањето од членот 29 став 1 на овој закон и ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Кон барањето од ставот 1 на овој член, подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од членот 29 став 1 на овој закон.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на министерот, да донесе решение со кое барањето од ставот 1 на овој член е уважено или одбиено. Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не донесе решение во рокот од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите 6 и 7 на овој член и / или не поднесе пријава согласно со ставовите 8 и 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување



www.pravdiko.com

прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 13 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 11 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рок од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“

Член 10

Во членот 33 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

“Комисијата врз основа на барање или пријава, може да изврши увид и да утврди дали угостителскиот објект ги исполнува стандардите за кои со решение му е определена одредена категорија, пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член. Доколку Комисијата утврди дека угостителскиот објект отстапува од стандардите врз основа на кои му е определена категорија, ќе издаде ново решение за категоризација во соодветна категорија за која ги исполнува стандардите.“

Член 11

Во членот 36 ставот 2 се брише.

Член 12

По членот 57 се додава нов член 57-а, кој гласи:

“Член 57-а

Во постапката за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за Државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 13

Во членот 60 ставот 8 се менува и гласи:



www.pravdiko.com

“Против решението на државниот пазарен инспектор од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат.“

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

“Против решението на овластениот инспектор на општината, односно на градот Скопје од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно со Законот за инспекцискиот надзор.“

Ставот 9 станува став 10.

Член 14

Во членот 68 став 1 во воведната реченица износот “1.000“ се заменува со износот “800“.

Во ставот 2 износот “200“ се заменува со износот “100“.

Во ставот 3 износот “300“ се заменува со износот “200“.

Член 15

По членот 68 се додава нов член 68-а, кој гласи:

“Член 68-а

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот поединец за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон .

Глобата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се плаќа во случаи кога сторителот на прекршокот на кого му е дадена покана за плаќање на глобата на самото место, во рок од осум дена не ја плати изречената глоба.“

Член 16

По членот 70 се додава нов член 70-а, кој гласи:

“Член 70-а

Прекршочна постапка по прекршоците предвидени во овој закон не може да се поведе, ниту да се води, ако поминат 18 месеци од денот кога е сторен прекршокот.“

Член 17

Одредбите од членот 3 на овој закон со кој се додаваат два нови члена 21-а и 21-б, членот 5 од овој закон со кој се додава нов член 22-а и членот 7 од овој закон со кој се менува ставот 6 од членот 28, ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Одредбите од членовите 12 и 13 на овој закон ќе започнат да се применуваат со отпочнувањето со примената на Законот за инспекцискиот надзор.

Член 18

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за угостителската дејност.



www.pravdiko.com

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.com